## АКЦИСКИ ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА СОРАБОТКА СО И РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО (2022 - 2024)

### СТАТУС НА РЕАЛИЗАЦИЈА ДО КРАЈОТ НА 4 КВАРТАЛ 2022 ГОДИНА

**Приоритетна област 1. Нормативна, институционална и финансиска рамка за развој на граѓанското оштество**

| Активности | Показатели | Надлежна институција | Рок за спрове-дување | Спроведени активности по индикатори | Степен на спроведување | Ризици и проблеми кои може да се јават до крајот на спроведување на активноста | Следни чекори | Нов рок за реализација на активноста |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 1. Унапредување на правната рамка за граѓанските организации** | **Показател на влијание**: Оценка на правната рамка за граѓанските организации според Индексот на одржливост на граѓанското општество за Северна Македонија | | | **2021: 3,7** (правната рамка за дејствување на ГОи во Северна Македонија беше благо подобрена во однос на 2020 (3,8) со усвојувањето на неколку стратегии и други законски измени) | | | | |
| **Оперативна цел 1. Унапредување на правната рамка за здруженија и фондации која обезбедува гаранции за остварување на правото на слобода на здружување во согласност со** | **Показател на успешност:** Број на случаи, правосилни одлуки или конечни решенија за повреда на основните уставни права на физички и правни лица на основање и учество во формални и неформални начини на здружување | | | Министерството за правда, согласно член 9 од Законот за здруженија и фондации, во 2022 година донесе едно решение со кое се одбива барањето за употреба на зборот „Македонија“ во името на здружние. Управниот суд на РСМ донесе пресуда во корист на тужителот, по која министерството донесе ново Решение со кое се одобрува зборот „Македонија“ да се содржи во името на Здружението Млади за Македонија. | | | | |
| 1.1. Подготовка на измени на Законот за здруженија и фондации *(во насока на ревизија и прилагодување на номенклатурата дефинирана во законот со цел препознавање на други форми на здружување, ревизија на одредбите за непартиско дејствување и влијание на избори, анализа на функционалните модели за стекнување со статус од јавен интерес, интегрирање на податоците на регистрираните организации во една база на податоци во отворен формат, заштита на непрофитниот карактер, генерални критериуми за начинот на финансирање на организациите од корисниците на јавни средства итн.)* | Подготвен е предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации со учество на претставници на граѓанските организации во работната група | Министерство за правда, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество | 1 квартал 2022 | На 16.3.2022 година министерот за правда донесе Решение за формирање на Работна група за изработка на Закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации, составена од претставници на Министерството за правда, Генералниот секретаријат на Владата, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии и претставници на граѓанските организации (Фондација Отворено општество Македонија Скопје, Македонски центар за меѓународна соработка Скопје, Здружение Рурална коалиција Куманово, Македонско здружение за заштита при работа Скопје и Здружение на алумнисти на програмта СВТ Алумни Скопје. Првиот состанок на Работната група се одржа во Министерството за правда на 25.3.2022 година, утврден е План за работа на работната група со план за консултации. На состаноците на Работната група одржани на 13.5.2022 и 13.6.2022 беа разгледани доставените коментари од страна на граѓанските организации, а на 28.06.2022 во соработка со проектот „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“ финансиран од ЕУ, се одржа работилница за презентација на клучните наоди и препораки од Компаративната анализа на најдоброто законодавство на ЕУ за граѓанските организации.На 08.07.2022 се одржа заеднички состанок со Работната група за реформа на системот на државно финансирање на граѓанските организации. На online состанокот одржан на 15.07.2022 година беа разгледани коментарите на предлог-законот, а на online состанокот на 17.08.2022 одредбите за името на организациите. На крајот на август, Гоце Коцевски и Снежана Камиловска Трпевска, на нивно барање, имаа средба со министерот за правда во врска со предлогот за формирање Советодавно тело за давање на мислење за употреба на име на историска и друга позната личност во името на здружение и друго правно лице. На 13.10.2022 Работната група повторно го разгледуваше прашањето за употреба на име на историска личност во името на организациите, а по доставување Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации од група пратеници во Собранието, на 18.10.2022 работната група, во интерес на квалитетно законско решение, препорача да влезе во сила оваа измена на ЗЗФ и низ практична примена да се оценат евентуални недостатоци и тие да се отстанат подоцна со новиот закон. На 21.10.2022 година беше одржан состанок во Делегацијата на ЕУ со претставници на Министерството за правда и ИПА проект, за процесот на подготовка на ЗЗФ. На 27.10.2022 беа разгледани предлог-одредбите за Финансиска поддршка на граѓанските организации и Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество. Состаноци на работната група беа одржани и на 9.11 2022 и 2.12.2022 година на кои се разгледа Акциски план со временска рамка и чекори за подготовка на законот и компаративна анализа од законодавството на ЕУ.Беа отворени прашања околу статусот на организациите од јавен интерес, формални и неформални начини на здружување, државното финансирање на граѓанските организации и одредби за Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество. | | Имајќи предвид дека формирањето на нови институции/фонд предизвикува фискални импликации по буџетот на РСМ, Министерството за финансии има негативно мислење | Подготовка на анализа за финансиската поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на РСМ за 2022 година<br>Се очекува Предлог Законот за здруженија и фондации да се објави на ЕНЕР во првиот квартал на 2023 | прва половина на 2023 да се достави Предлог Законот за здруженија и фондации на Влада |
| 1.2. Јавни консултации и дебати со граѓански организации, институции и други засегнати страни за измените на Законот за здруженија и фондации | Спроведени четири јавни консултации/дебати за измените на Законот за здруженија и фондации (една национална и три локални) со опфат на повеќе од 100 претставници на граѓански организации | | 2 квартал 2022 | Министерството за правда на 11.04.2022 година на ЕНЕР објави Известување за почеток на процесот на подготовка на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации, а на веб страниците www.pravda.gov.mk и www.nvosorabotka.gov.mk објавен е Повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на измените на Законот. Рокот за доставување на предлози беше до 26.4.2022 година. На 12 и 13.12.2022 преку проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“ финансиран од ЕУ, се одржаа четири консултативни тркалезни маси со претставници на граѓански организации за Законот за здруженија и фондации (Правно препознавање на други форми на здружување; Овозможувачка околина за граѓанските организации; Организации и активности од јавен интерес; и Заштитата на непрофитниот карактер).Консултациите ќе продолжат по подготовка на текстот на предлог-законот. | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.3. Доставување на измените на Законот за здруженија и фондации (владина процедура) | Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации е доставен во владина процедура | | 2 квартал 2022 | Работната група одржа повеќе состаноци, разгледани се коментарите добиени од граѓански организации и компаративни искуства од земјите во регионот. Во тек е подготовка на предлогот на закон. | | Имајќи предвид дека формирањето на нови институции/фонд предизвикува фискални импликации по буџетот на РСМ, Министерството за финансии има негативно мислење | Подготовка на анализа за финансиската поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на РСМ за 2022 година Се очекува Предлог Законот за здруженија и фондации да се објави на ЕНЕР во првиот квартал на 2023 | прва половина на 2023 да се достави Предлог Законот за здруженија и фондации на Влада |
| 1.4. Градење на капацитетите на институциите и граѓанските организации за доследна примена на Законот за здруженија и фондации | Подготвени коментари на измените на законот; Спроведени најмалку четири информативни настани со корисниците на законот (граѓански организации, институции итн.) | | 3 квартал 2022 | На 12 и 13.12.2022 преку проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“ финансиран од ЕУ, се одржаа четири консултативни тркалезни маси со претставници на граѓански организации за Законот за здруженија и фондации (Правно препознавање на други форми на здружување; Овозможувачка околина за граѓанските организации; Организации и активности од јавен интерес; и Заштитата на непрофитниот карактер) | | | | Активноста ќе продолжи по донесување на Законот |
| **Оперативна цел 2. Овозможување бесплатен пристап до податоци за граѓански организации од Регистарот на регистрираните организации согласно Закон за зруженија и фондации во Централниот регистар на Република Северна Македонија** | **Показател на успешност:** Број на прегледи во единствениот интегриран Регистар на регистрирани граѓански организации | | | Број на преземања на Листата на граѓански организации од порталот на Централен регистар на Република Северна Македонија https://www.crm.com.mk/mk/otvoreni-podatotsi/gragjanski-organizatsii: **954 до 7.12.2022 година.** | | | | |
| 2.1.Проширување на отворените податоци што Централниот регистар на Република Северна Македонија ги објавува за граѓанските организации со податоците достапни од индивидуалнотот пребарување, достапни како постојни услуги | Објавени интегрални податоци за регистрираните здруженија и фондации во отворен формат, кои можат да се пребаруваат по клучни индикатори (врз основа на информациите кои се прибираат согласно Законот за здуженија и фондации) | Централен регистар на Република Северна Македонија, Министерство за информатичко општество и администрација, Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество | 1 квартал 2022 | Централниот регистар на Република Северна Македонија преку интернет порталот www.crm.com.mk, овозможи полесен пристап до информации и сервисно ориентиран каталог со услуги преку кој крајните корисници можат лесно да пристапат до услуги. Согласно заложбата 1.5 Овозможување на бесплатен пристап до податоци за граѓанските организации од Националниот Акцискиот план за партнерство за отворена власт 2021-2023 г., во менито „Отворени податоци“, веб страница „граѓански организации“ (https://www.crm.com.mk/mk/otvoreni-podatotsi/gragjanski-organizatsii) е достапна Листа на граѓански организации, со проширен обем на податоци кои се слободно и отворено достапни, при што, покрај основните податоци за граѓанските организации (ЕМБС, ЕДБ, назив, правна форма - организационен облик) се вклучени и останати податоци како што се: адреса и општина на седиштето на субјектот, адреса на електронска пошта - емаил, датум на основање, големина, правен статус (активен/неактивен/во постапка на утврдување на статус/избришан), претежна дејност (шифра и опис) и дополнителни информации (во стечај/во ликвидација). | | | | |
| 2.2. Овозможување пристап до динамички извештаи со прилагодливи податоци за граѓанските организации за корисниците на буџетот (централна и локална власт) | | | 2 квартал 2022 | Во вториот квартал од 2022 г., Централниот регистар на РСМ ги креираше динамичките извештаи со прилагодливи податоци, а во третиот квартал од 2022 г. ги овозможи - направи достапни за државните институции и општините преку сопствениот Дистрибутивен систем На 29.9.2022 г. се одржа online презентација за услугата - овозможување на пристап до податоци за граѓанските организации, на која учествуваа вработени во Одделението за соработка со невладини организации на Ггенералниот секретаријат, членови на Мрежата државни службеници за соработка со граѓански организации и други претставници од ресорните министерства. За корисниците на Дистрибутивен систем согласно член 18а од Закон за Централен регистар (корисниците и единките корисници на средства од буџетот на Република Северна Македонија од областа на законодавната, извршната и судската власт и од единиците на локалната самоуправа) производот ќе биде достапен на нивно барање по склучување на анекс кон Договорот за користење на податоци преку Дистрибутивен систем. | | | Потпишување Анекс на договор помеѓу Генералниот секретаријат и Централниот регистар за пристап до базата на податоци за динамични извештаи за граѓански организации | |
| 2.3. Редовно ажурирање на отворените податоци од Регистарот на регистрираните граѓански организации од страна на Централниот регистар на Република Северна Македонија | Број на ажурирања на податоците во единствен интегриран Регистар на регистрираните граѓански организации | | континуирано | Листата на граѓански организации се ажурира автоматизирано редовно на секои 2 седмици (заклучно со четвртиот квартал од 2022 г. содржани се податоци за 14.775 граѓански организации). Листата може да се преземе од порталот www.crm.com.mk, мени „Отворени податоци“, веб страница „Граѓански организации“ (https://www.crm.com.mk/mk/otvoreni-podatotsi/gragjanski-organizatsii). | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.4. Подготовка на измени и дополнувања на Законот за користење на податоци од јавен сектор и негово усогласување со Директивата за отворени податоци и ре-употреба на информации од јавниот сектор (2019/1024) | Подготвен е Закон за изменување и дополнување на Законот за користење на податоци од јавен сектор | Министерство за информатичко општество и администрација во соработка со Фондација за интернет и општество Метаморфозис | 1 квартал 2022 | Во програмата за работа на Владата за 2022 г. содржан е Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за користење на податоците од јавниот сектор, со цел усогласување со ЕУ Директивата за отворени податоци и ре-употреба на информации од јавниот сектор (2019/1024). Во октомври 2021 година од страна на министерот за информатичко општество и администрација формирана е Меѓуресорската работна група за изработка на Предлог-законот, подготвен и спроведен е структуриран Прашалник за користење на податоците од јавен сектор и посебни интервјуа и подготвена е Анализа на Директивата (ЕУ) 2019/1024 на Европскиот парламент и на Советот од 20 јуни 2019 година за отворени податоци и повторна употреба на информации од јавниот сектор со препораки за транспонирање. Во работната група со претставници од институциите и засегнати страни кои имаат искуство во областа на отворени податоци во тек е процес на доработка на Оценка на спроведувањето на сегашниот закон (ex-post evaluation), Проценка на влијанието на новиот Предлог на закон (regulatory impact assessment) и подготвка на првиот нацрт текст на законот. Одржан е осми состанок на работната група на кој се работеше на финализирање на нацрт текстот на законот. По финализирање на нацрт текстот на законот планирано е да се спроведат консултации на ЕНЕР и по соодветно вградување на коментарите да се пристапи кон финализирање на Извештајот за ПВР и предлог законот. | | | | 2 квартал 2023 Законот е планиран во ГПРВ 2023 во јуни |
| **Стратешка цел 2. Зајакнување на институционалната рамка и практиките за соработка помеѓу Владата, органите на државната** | **Показател на влијание:** Процент на граѓански организации (и државни институции) кои го препознаваат Советот како релевантно тело за соработка и влијание во креирање на политики за развој на граѓанското општество | | | 2022: Од 296 граѓански организации кои го одговориле Прашалникот * 50,3% го препознаваат Советот како релевантно тело за соработка и влијание во креирање на политики за развој на граѓанското општество. | | | | |
| **Оперативна цел 3. Континуирано работење на независен, репрезентативен, оперативен и ефективен Совет за соработка меѓу** | **Показател на успешност:** Процент на граѓански организации кои сметаат дека Советот донесува одлуки и креира политики базирани на консултации со граѓанското општество | | | 2022: Од 296 граѓански организации кои го одговориле Прашалникот* 30,7% сметаат дека Советот донесува одлуки и креира политики базирани на консултации со граѓанското општество. | | | | |
| 3.1. Изработка и спроведување на ефикасни методи за консултирање и информирање на граѓанските организации за работата на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество (брошури, едукативни видеа, јавни настани, отворени денови и сл.), така што Советот да стане ефективен механизам за оформување на политиките за граѓанското општество | Процент на граѓански организации информирани за работењето на Советот; Процент на граѓански организации консултирани од членовите на Советот кои доаѓаат од редовите на граѓанските организации; Број на информации поврзани со работењето на Советот испратени од Советот до граѓанските организации; Број на теми иницирани од граѓанските организации до Советот; Изготвен, усвоен и практикуван план за комуникација на Советот со граѓанските организации | Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации | 1 квартал 2022 | Во соработка со проектот „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“ финансиран од ЕУ, изработена е Брошура: Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество - ДИЈАЛОГ И ЗАЈАКНУВАЊЕ и промотивно видео за работата на Советот, што се објавени на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk. Исто така, изработени се предлози за Комуникациска стратегија на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество 2022-2024 и План за комуникација на Советот за 2022 година, но не се усвоени поради бојкот на работата на Советот на членовите од граѓанските организации од 24.3.2022 година. | | Документите не се формално усвоени, поради бојкот на работата на Советот на членовите од граѓанските организации од 24.3.2022 година. | Одржување на седница на Советот за констататирање на оставката на претседателот на Советот, избор на нов претседател и објавување на оглас за член на Советот во областа Развој на граѓанското општество | |
| 3.2. Изработка и спроведување на ефикасни методи за комуникација со јавноста, вклучувајќи ги државните институции особено Мрежата на државни службеници за соработка со граѓански организации и јавноста | Број на објави поврзани со работењето на Советот на https://nvosorabotka.gov.mk/ Изготвен, усвоен и практикуван план за комуникација на Советот со јавноста | | 1 квартал 2022 | На веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk редовно се објавуваат дневните редови со материјали и записниците од седниците на Советот. Во соработка со проектот „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката околина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“ финансиран од ЕУ, изработени се предлози за Комуникациска стратегија на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанскот о општество 2022-2024 и План за комуникација на Советот за 2022 година, но не се усвоени поради бојкот на работата на Советот на членовите од граѓанските организации од 24.3.2022 година. Во текот на 2022 година, реализирани се 12 објави поврзани со работењето на Советот на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk . | | Документите не се формално усвоени, поради бојкот на работата на Советот на членовите од граѓанските организации од 24.3.2022 година. | | |
| 3.3. Јакнење на капацитетите на членовите на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, воспоставување алатки за континуирана, независна и ефикасна работа на Советот и вопоставување на механизми за комуникација интерно помеѓу членовите на Советот | Процент на отсуство на членовите од седници на Советот и промена на членови во Советот; Процент на одлуки или предлог политики донесени од Советот кои што се усвоени од релевантните државни институции; Изготвен, усвоен и практикуван план за комуникација на Советот | | 1 квартал 2022 | Во соработка со проектот „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“ финансиран од ЕУ, на 24 и 25.11.2021 г., се одржа онлајн Работилница за информирање, комуникација и консултација со засегнатите страни на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество. Целта на работилницата беше да се постигне заедничко разбирање за главните предуслови за ефективна внатрешна и надворешна комуникација на Советот, подобрување на севкупниот квалитет на планирање на комуникациските активности на Советот, дискутирање за пристапите на стратешка комуникација со главните чинители, договор за следните чекори во развојот на годишната програма за работа и годишниот план за комуникација на активностите на Советот. Програмата за работа на Советот за 2022 г. беше предмет на посебна работилница за стратешко планирање, што се одржа на 15.12.2021 г. На 16 и 17 мај 2022 се одржаа две полудневни работилници „Градење позиции и постигнување консензус во работата на меѓусекторските советодавни тела“, наменети за членовите на Советот од редот на вработените во органите на државна управа и за членовите од граѓанското општество. Во 2022 година Владата разгледа две информации предложени од Советот (Информација за обидите за делегитимирање на граѓанскиот сектор и штетноста на говорот на омраза и насилството врз граѓанското општество и активистите за човекови права, разгледа на 34. седница на Владата, одржана на 29.3.2022 година и Информација за состојбите во однос на обезбедувањето на социјална и здравствена заштита од страна на граѓанските организации, разгледана на 55. седница на Владата, одржана на 28.6.2022 година) | | | | |
| **Оперативна цел 4. Унапредување на знаењата и капацитетите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество** | **Показател на успешност:** Процент на членови кои се задоволни од соработката и стекнатите знаења во Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество | | | 2022: Од 9 членови на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество кои го одговориле Прашалинкот**, 88,9% се задоволни од соработката и стекнатите знаења во Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество. | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.1. Одржување редовни координативни состаноци на Генералниот секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации и членовите на Мрежата државни службеници за соработка со граѓанското општество | Одржани четири координативни состаноци годишно на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество | Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации | 2022 - континуирано | На 01.03.2022 г. се одржа online состанок на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество. Целта на состанокот беше информирање на членовите на Мрежата за усвоената Стратегија на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акцискиот план 2022-2024 и утврдување на План за следење на спроведување на Стратегијата, преку квартални извештаи за информирање на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и годишни извештаи за информирање на Владата. На 27 и 28.12.2022 година беа одржани три состаноци со членови на Мрежата државни службеници одговорни за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024 од Министерството за внатрешни работи, Министерството за локална самоуправа и Министерството за финансии, со цел запознавање на членовите со новините во процесот на подготовка на годишниот извештај за спроведување на Стратегијата, согласно Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии („Службен весник на РСМ“ бр.122/22). | за 2022 | | | |
| 4.2.Членовите на Мрежата државни службенци за соработка со граѓанското општество учествуваат на обуки за значењето, работењето и моделите за соработка со граѓанското општество | Процент на членови на Мрежата учесници на обуки поврзани со граѓанското општество; Број на граѓански организации коишто преку Мрежата остваруваат комуникација и соработка со ресорните институции | | 2022 - континуирано | На 16.5.2022 во соработка со проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката околина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“, финансиран од Европската Унија, се одржа работилница „Градење позиции и постигнување консензус во работата на меѓусекторските советодавни тела“, за членовите на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од редот на вработените во органите на државна управа, кои воедно се и членовите на Мрежата државни службенци за соработка со граѓанското општество | за 2022 | | Работилница за подготовка на Извештај за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024, на 17.1.2023 | |
| **Стратешка цел 3. Воспоставување даночна рамка којашто одговара на спецификите на работењето на граѓанските организации и го** | **Показател на влијание:** Усовена е даночна рамка што поттикнува развој на граѓанското општество | | | | | | | |
| **Оперативна цел 5. Унапредување на даночната рамка од аспект на даночни на додадена вредност согласно идентификуваните развојни потреби** | **Показател на успешност:** Процент на граѓански организации кои се свесни за даночните олеснувања и имаат корист од нив | | | 2022: Од 296 граѓански организации кои го одговориле Прашалникот* 17,2% користеле даночни ослободувања. | | | | |
| 5.1. Анализа на можностите за ослободување од данокот на додадена вредност (ДДВ) за ко-финансираниот дел на одобрените проекти поддржани од донаторите (Европска Унија, САД, држави членки на ЕУ и држави со кои се потпишани билатерални договори за соработки) во делот на учеството на граѓанските организации за кофинансирање | Број на локални донатори кои се свесни за даночните олеснувања и ги поддржуваат граѓанските организации | Министерство за финансии, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество | 2 квартал 2022 | Според Министерството за финансиии, барањето за измени на даночните акти со цел да се овозможи реализација на мерката е неприфатливо од причина што е во спротивност со Директивите на ЕУ. Зголемувањето на листата на добра кои би се ослободиле од ДДВ ја нарушува неутралноста на овој данок, врши притисок врз зголемување на висината на општата стапка на ДДВ и ќе предизвика и негативни фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија. | | Би се нарушила неутралноста и праведноста на самиот данок на додадена вредност а истото негативно ќе се одрази во извештајот на Република Северна Македонија како земја кандидат за членство во Европската Унија, во делот на поглавјето кое се однесува на Оданочувањето (Поглавје 16). | | |
| 5.2. Јавни консултации за презентирање на наодите/препораки од Анализата за можностите за ослободување од ДДВ за кофинансираниот дел на одобрените проекти поддржани од донаторите. | | | 3 квартал 2022 | | | | | |
| 5.3. Формирање работна група за измени на законска рамка за данокот на додадена вредност во насока на ослободувања од ДДВ за кофинансиран дел на одобрените проекти поддржани од донаторите | | | 3 квартал 2022 | Според Министерството за финансиии, ослободувањето од данок на додадена вредност кое се однесува на добрата и услугите кои се набавени од донираните средства произлегува од меѓународните договори, каде еден од условите е средствата да не се користат за даночни цели. | | | | |
| **Оперативна цел 6. Унапредување на транспарентноста на финансиските активности на граѓанските организации** | **Показател на успешност:** Јавно објавување на финансиските податоци од работењето на граѓанските организации, со прецизирана форма и содржина на годишните финансиски извештаи | | | 2022: Од 296 граѓански организации кои го одговориле Прашалникот* 55,1% јавно ги објавиле финансиските податоци од работењето | | | | |
| 6.1.Јавно објавување на финансиските податоци од работењето на граѓанските организации | | Министерство за | 2 квартал 2022 | На 28.12.2022 година е одржан состанок на претставници на Министерството за финансии и Генералниот секретаријат-Одделение за соработка со НВО, на кој беше разговарано за можноста да се организираат консултации со засегнати страни преку активни проекти за поддршка на гаѓанското општество. | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6.2.Организирање на тематска тркалезна маса со претставници на непрофитните организации со цел да се разговара за напредокот и да се препорачаат дополнителни подобрувања за јавно-достапните информации за финансиските активности на непрофитните организации | | Министерство за финансии, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество | 2 квартал 2022 | | | | | |
| **Оперативна цел 7. Подготовка на подобрена законска и подзаконска рамка за сметководството на непрофитните организации** | **Показател на успешност:** Изготвени се измени на законските и подзаконските прописи за сметководството на непрофитните организации | | | | | | | |
| 7.1.Консултации со граѓанските организации и другите непрофитни организации за идентификување на најсоодветниот модел на сметководство имајќи ги предвид спецификите на непрофитните субјекти | Број на спроведени консултативни средби; Број на консултирани граѓански организации | Министерство за финансии, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество | 2 квартал 2022 | На 28.12.2022 година е одржан состанок на претставници на Министерството за финансии и Генералниот секретаријат-Одделение за соработка со НВО, на кој беше разговарано за можноста да се организираат консултации со засегнати страни преку активни проекти за поддршка на гаѓанското општество. | | | | |
| 7.2.Подготовка на законска рамка за сметководството на непрофитните организации, согласно препораките и заклучоците од спроведените консултации | | | | Подготовката на законска рамка за сметководството на непрофитните организации ќе следи по спроведените консултации со граѓанските организации и другите непрофитни организации. | | | | 4 квартал 2023 |
| 7.3.Подготовка на подзаконска рамка за сметководството на непрофитните организации, вклучително и сметководствените конта, согласно препораките и заклучоците од спроведените консултации, за да овозможат посоодветно следење на развојот и финансиската одржливост на граѓанските организации | | | 4 квартал 2022 | Подготовката на подзаконска рамка за сметководството на непрофитните организации ќе следи по донесување на законската рамка. | | | | 1 квартал 2024 |
| 7.4. Организирање на информативни сесии за донесените измени во правната рамка за сметководство на непрофитните организации | Спроведени намјалку четири информативни сесии со граѓанските организации и институциите за донесените измени на правната рамка, со соодветно толкување на новите одредби | | 4 квартал 2022 и 1 квартал 2023 | | | | | 2 квартал 2024 |
| **Стратешка цел 4. Унапредување на системот на државно финансирање на граѓанските организации** | **Показател на влијание:** Оценка на финансиската одржливост на граѓанските организации според Индексот на одржливост на граѓанското општество за Северна Македонија | | | **2021: 4,3** (Финансиската одржливост на граѓанскиот сектор беше благо влошена во текот на 2021 година, во однос на 2020 (4,2) поради дополнителното намалување на државните фондови за ГОи, како од централните така и од локалните буџети). | | | | |
| **Оперативна цел 8. Унапредување на моделот за финансирање на граѓанските организации од буџетот** | **Показател на успешност:** Усвоен е модел за финансирање на граѓанските организации од буџетот на државата што го поттикнува развојот на граѓанското општество | | | | | | | |
| 8.1. Зголемување на уделот на државно финансирање од централниот буџет и од буџетите на единиците на локална самоуправа, со цел да се достигне удел од 30% (околу 2 милијарди денари) во вкупните приходи на граѓанските организации до 2024 година | Во процесот на буџетско планирање во државата организирани се консултации со граѓански организации за планирање на буџетот;  Усвоен е Буџет на Република Северна Македонија со вкупно зголемен процент на планирани средства за финансирање на граѓанските организаци (20% од вкупните приходи на граѓанските организации во 2022 година, 25% во 2023 година и 30% во 2024 година) и предвидени се финансиски средства за воспоставување и функционирање на Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество и кофинансирање на проекти на Европската Унија | Министерство за финансии, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество | 2022 - 20% 2023 - 25% 2024 - 30% | Министерството за финансии континуирано настојува за зголемување на средставата неменати за финансирање на граѓанските организации, согласно расположливите можности на Буџетот. Министерството за финансии не го поддржува овој начин на утврдување на средствата за финансирање на здруженија и фондации, преку процентуално издвојување согласно остварените приходи на централно и на локално ниво. Ова од причина што вкупните приходи претставуваат збир од даночни приходи, придонеси, неданочни приходи, приходи од сопствени сметки, капитални приходи и донации, односно задолжителни плаќања кои се утврдени со закон, приливи кои произлегуваат од сопственост на средства, како и неповратни средства добиени од влади на други држави или меѓународни организации, како и од домашни или странски правни или физички лица кои се користат согласно со условите и намените договорени со донаторот, и се распределуваат наменски по буџетски корисници за финансирање на конкретни проекти во нивна надлежност.<br>Министерството за финансии предлага потребните средства за финансирање на здруженија и фондации да се утврдуваат за тековната фискална година согласно буџетските можности. | | Министерството за финансии предлага потребните средства за финансирање на здруженија и фондации да се утврдуваат за тековната фискална година согласно буџетските можности. | Подготовка на анализа за финансиската поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на РСМ за 2022 година | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8.2. Воведување на механизми со кои ќе се осигура дека планирањето на средствата за финансирање на граѓанските организации ќе биде исклучиво на контото 463, а само во исклучителни и специфични случаи тоа ќе се врши преку други конта во Буџетот на Република Северна Македонија | Во Буџетот на Република Северна Македонија сите средства за финансирање на граѓанските организации се испланирани на контото 463 | Министерство за финансии, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество | 3 квартал 2022 | Министерството за финансии при изготвувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за секоја фискална година, настојува планирањето на средствата кои се доделуваат за финансирање на граѓанските организации да биде планирано на расходната ставка 463.<br>Оваа активност се спроведува континуирано, при секоја подготовка на Буџетот. | | | | |
| 8.3. Трансформација на Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондациите во хоризонтален и задолжителен подзаконски акт за сите органи на државната управа. Измените и дополнувањата на Кодексот, пред се', ќе треба да се фокусираат на одредбите што се покажале како слабост: планирањето на средствата (задолжителни консултации за приоритетите), одлучувањето (независни комисии, регулирање на конфликтот на интереси, вклучување експерти и претставници на граѓански организации), објавувањето на резултатите и правото на жалба, мониторинг и евалуација итн. | Изменети се одредби во Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондациите, а кои се однесуваат на: планирањето на средствата (број на одржани задолжителни консултации за утврдување на прироритетите за повиците), одлучувањето за доделување финансиски средства за граѓански организации (број на воспоставени независни комисии, број на акти со кои е регулиран конфликтот на интереси, број на вклучени експерти и преставници на граѓански организации во одлучувањето за доделување средства), објавувањето на резултатите и правото на жалба, мониторинг и евалуација итн. | Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, | 3 квартал 2023 | | | | | |
| 8.4. Измени на Законот за игрите на среќа и за забавните игри (да се интервенира во членот 16 од Законот каде што: 1) се додава развој на граѓански организации регистрирани по Законот за здруженија и фондации, како основа за дополнително финансирање (проширување на опфатот); 2) износот на средствата се определува на најмногу 50% од вкупниот приход од игрите на среќа и забавните игри утврден во претходната календарска година, но не помалку од 120 милиони денари; и 3) распределбата на финансирање на институционалната поддршка на организациите основани врз основа на Законот за здруженија и фондации ја врши Фонд основан со посебен закон, кој ја извршува функцијата за поддршка, унапредување и развој на граѓанското општество) | Усвоени се измени на Законот за игрите на среќа и за забавните игри во партиципативен и консултативен процес со граѓански организации кадешто е: 1) додаден развојот на граѓанските организации регистрирани по Законот за здруженија и фондации, како основа за дополнително финансирање (проширување на опфатот на Законот); 2) износот на средствата се определува на најмногу 50% од вкупниот приход од игрите на среќа и забавните игри утврден во претходната календарска година, но не помалку од 120 милиони денари и не повеќе од 150 милиони денари; и 3) распределбата на финансирање на институционалната поддршка на организациите основани врз основа на Законот за здруженија и фондации ја врши Фонд основан со посебен закон, кој ја извршува функцијата за поддршка, унапредување и развој на граѓанското општество | Министерсство за финансии, Министерство за труд и социјална политика, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество | 1 квартал 2024 | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8.5. Подготовка на правна рамка за формирање на независен Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество и кофинансирање на проекти финансирани од Европската Унија, со што ќе се воспостави транспарентен и доверлив модел за државно финансирање | Усвоена е правна рамка за воспоставување Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество и кофинансирање на проекти финансирани од Европската Унија, кој располага со буџет за поддршка и развој на граѓанските организации и има посебна програма во сопствениот буџет со која ќе се поддржуваат организациите кои имаат добиено проекти финансирани од Европската Унија; Изработена е функционална анализа; Воспоставен е функционален Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество и кофинансирање на проекти финансирани од Европската Унија (распишан конкурс за органите на Фондот, Одлука за избор на органите на Фондот, број на одржани работни средби на органите на Фондот, усвоени програмски документи на Фондот, подготвени и усвоени процедури за јавна внатрешна финансиска контрола и отчетност во работењето и сл.) | Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации, Министерство за финансии, Министерство за правда, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество | од 2 квартал 2022 до 3 квартал 2023 | На 31.12.2021 година, со решение на генералниот секретар на Владата формирана е Работната група за реформа на системот на државно финансирање на граѓанските организации, составена од претставници на Генералниот секретаријат на Владата, Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Секретаријатот за европски прашања, Агенцијата за млади и спорт, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Црвениот крст на Република Северна Македонија и граѓански организации. Првиот состанок на Работната група се одржа на 3.3.2022 година, во вид на работилница организирана во соработка со проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“, финансиран од ЕУ. Членовите на Работната група дискутираат за клучните компоненти на реформата на правната и институционалната рамка за државното финансирање на граѓанските организации и механизмите за обезбедување ефективна координација на процесот на реформа на системот за државно финансирање на граѓанските организации. Во периодот 14-21.3.2022, се спроведе истражување на ставовите на членовите на Работната група за идната структура и функционирањето на системот на државно финансирање на граѓанските организации, со пополнување на прашалник. Поддршката на проектот продолжи и при организирање на вториот состанок на работната група (17.5.2022), во вид на работилница, на која беше презентирана Анализата на клучните наоди од прашалниците за реформа на системот на државно финансирање на граѓанските организации, како и Извештајот за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од Владата, органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа во 2021 година, подготвен од Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат. Членовите на работната група дискутираа за можните опции за формирање на Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество и кофинансирање на ЕУ проекти и потребата од одржување заеднички состанок со Работната група за подготовка на измени на Законот за здруженија и фондации. На 8.7.2022 година, одржан е заеднички online состанок на Работната група за реформа на системот на државно финансирање на граѓанските организации и Работната група за изработка на Закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации. Со експертска поддршка од проектот, подготвени се предлог-одредби за Државна поддршка на организациите и Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество, разгледани на состаноците на работната група на 20.10.2022, 27.10.2022 и 14.11.2022 година. Предлог-одредбите на Законот за здруженија и фондации во делот Државна поддршка на организациите и Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество разгледани и поддржани од Работната група на Министерството за правда за изработка на Закон за здруженија и фондации на 2.12.2022 година. | | Имајќи предвид дека формирањето на нови институции /фондови повлекува фискални импликации врз Буџетот на РСМ, поврзани со функционирањето на истите, Министерството за финансии укажува дека не може да поддржи предлог со кој би се формирало ново тело и притоа предлага активностите да се вршат во рамките на постоечките ресурси на надлежните институции | Подготовка на анализа за финансиската поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на РСМ за 2022 година | |

## Приоритетна област 2. Демократизација, активно учество на граѓанскиоте организации во општествените процеси, во креирањето и следењето на политиките, со посебен фокус на процесот на интеграција во Европската Унија

| Активности | Показатели | Надлежна институција | Рок за спрове-дување | Спроведени активности по индикатори | Степен на спроведување | Ризици и проблеми кои може да се јават до | Следни чекори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 5. Зголемување на вклученоста на граѓанските организации во процесот на креирање, спроведување, следење и оценување на политиките** | **Показател на влијание:** Оценка за застапување според Индексот на одржливост на граѓанското општество за Северна Македонија | | | **2021: 3,2** (Застапувањето на ГОи не претрпе промена во текот во однос на 2020 (3,2). И покрај непроменетите тешки околности како резултат на пандемијата и консултациите на јавните институции со ГОи, кои во голема мера беа чиста формалност, чинителите од граѓанското општество имаа проактивна улога во застапувањето за општествени промени во различни домени. | | | |
| **Оперативна цел 9. Унапредување на процесот на консултации и учество на граѓанските организации во креирањето јавни политики** | **Показател на успешност:** Зголемено непосредно учество на граѓанските организации во процесите на креирање политики (Број на претставници на граѓански организации членови на работни групи на органите на државната управа, Број на доставени иницијативи од граѓански организации до институциите) | | | Од вкупно 46 работни групи формирани од страна на ресорните министерства за подготовка на предлози на закони утврдени од Владата во 2021 година, за 16 предлози на закони или во 35% од формираните работни групи биле вклучен претставници на граѓански организации. Според одговорите на Прашалникот за механизмите на консултација со граѓанските организации при подготовка на предлог-законите и други акти во 2021 година, 57,1 % од министерствата сметаат дека учеството на граѓанските организации во креирањето политики е задоволително, 14,3% сметаат дека учеството било суштинско, 14,3% од министерствата оцениле дека е недоволно, а 14,3 % не се | | | |
| 9.1. Трансформација на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики во хоризонтален и задолжителен подзаконски акт за сите органи на државната управа | Подзаконскиот акт за учество на граѓанските организации во процесот на креирање политики е задолжителен акт за органите на државната управа | Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации | 3 квартал 20 | Владата на 18.10.2022 година разгледа Извештај за процесот на консултации при подготовка на предлог-закони, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации во 2021 година, подготвен од Генералниот секретаријат, врз основа на анализа на податоците на ЕНЕР и одговорите на Прашалникот за механизмите на консултација со граѓанските организации при подготовка на предлог-законите и други акти во 2021 година, го дистрибуиран до министерствата преку членовите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество. | | | |
| 9.2. Изработка на модел за вклучување и избор на граѓанските организации во работните групи на органите на државната управа и тела воспоставени со стратешки документи | Подзаконскиот акт за учество на граѓанските организации во процесот на креирање политики е дополнет со одредби за избор на граѓански организации во работни групи и тела воспоставени со | | 3 квартал 2022 | | | | |
| 9.3. Унапредување на соработката со постојните ефективни тематски мрежи на граѓанските организации за структуриран дијалог во процесот на креирање, спроведување, следење и оценување на политиките | Број на одржани консултативни средби на органите на државната управа со тематски мрежи на граѓански организации | | 3 квартал 2022 | | | | |
| 9.4. Спроведување на програма за обука за административните службеници за ефективно учество на граѓанските организации во процесот на креирање политики | Број на организирани обуки и број на учесници на обуките за ефективно учество на граѓанските организации во процесот на | | 3 квартал 2022 | | | | |
| **Оперативна цел 10. Ефективни консултации со засегнатите страни во процесот на проценка на влијанието на регулативата** | **Показател на успешност:** Процент на Извештаи за проценка на влијанието на регулативата објавени на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) кои содржат информации за спроведени консултации, со преглед на добиени и вградени мислења и образложение за мислењата што не биле земени | | | Согласно Годишниот извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата ПВР за 2021 година (https://mioa.gov.mk/?q=mk/node/1484 ), од вкупниот број на предлози на закони кои подлежат на ПВР и биле утврдени од Владата, 18% содржат Извештај за ПВР за кои е запазена постапката за консултации на ЕНЕР | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 19.2.Воспоставување на систем за финансиски стимулации за развој на иницијативи за социјално претприемништво на граѓанските организации | | | 3 квартал 2022 | Преку Повик за грант апликации финансиран од ЕУ „ Поддршка на социјалните претпријатија„ ноември/декември 2021 г. се доделија два гранта на ЦЕПРОСАРД и Националниот младински совет кои ќе обезбедат директна поддршка на социјалните претпријатија. Два јавни повици еден во мај , втор во септември 2022 г. со вкупен износ од околу 250.000 евра преку оваа грантова програма ќе се обезбеди директна поддршка на социјалните петријатија. Оваа грантова програма има за цел да обезбеди поддршка на проекти фокусирани за основање социјални претпријатија или проширување на опсегот на работа на постоечките социјални претпријатија со цел да се зајакне нивната економска независност и да се зголеми нивното социјално влијание. Фокусот ќе биде ставен на активностите за финансирање кои водат до отворање работни места, употреба на нова опрема и технологии, што ќе им овозможи на социјалните претпријатија да ги подобрат своите | | | | |
| 19.3.Градење на капацитетите на граѓанските организации коишто се дел од еко-системот за развој на социјалните претпријатија | | | Почнувајќи од 1 квартал 2022 | Во ноември 2021 г. во простории на МТСП на ул. Македонија бр.5 Скопје се отвори првиот Центар за социјални претпријатија и се воспоставија 8 Регионални центри за поддршка на социјални претпријатија во Скопје, Куманово, Велес, Штип, Струмица, Битола, Охрид и Тетово. Националниот Центар за социјални претпријатија со 8те регионални центри за поддршка како дел од активностите на ИПА проектот „Поддршка на социјални претпријатија“ финансиран од ЕУ се воспоставени како структура за поддршка и развој на социјалните претпријатија . Со експертска поддршка се работи на тренинг програма за обука и градење на капацитетите на регионалните центри за поддршка на социјални претпријатија и Центарот на социјални претпријатија, како и на решение за оддржливост на воспоставената структура. | за 2022 | | | |
| **Стратешка цел 9. Препознавање на спецификите на граѓанските организации како работодавач** | **Показател на влијание:** Граѓанскиот сектор е работодавач, препознаен од системот и вреден за поддршка | | | | | | | |
| **Оперативна цел 20. Препознавање на спецификите на граѓанските организации како работодавач во правната регулатива, оперативните програми и социјалниот дијалог** | **Показател на успешност:** Број на граѓански организации корисници на активни мерки за вработување | | | 2022: 20 граѓански организации од вкупно 296 кои го одговориле Прашалникот* биле корисници на активни мерки за вработување. | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 20.1.Учество на граѓанските организации во имплементација на активните програми и мерки за вработување | Активните мерки за вработување се достапни и за работодавачи и работници од граѓанскиот сектор | Министерство за труд и социјална политика, Агенција за вработување | 1 квартал 2022 | Оперативниот план за активни програми и мерки и услуги на пазарот на труд за 2022 година, програма „Економија на грижа“, содржи мерка „Обука и вработување на лица за обезбедување услуги за грижа во заедницата“, со која се обезбеди вклучување на невработени лица, заради стекнување на знаења, вештини и компетенции, за обезбедување на услуги на грижа во заедницата и можност за работно ангажирање и вработување како формални даватели на услуги во областа на економијата за грижа, согласно потребите на граѓаните на локално ниво. Со оваа програма, се поддржа и отворање на нови работни места преку основање на нови деловни субјекти (даватели на услуги) или поддршка на веќе постојни претпријатија и граѓански организации. Од планирани 150 лица за опфат, беше реализирано вклучување на 147 лица (98%). Имплементацијата беше поддржана од Швајцарската агенција за развој и за соработка (СДЦ) и од Проектот за Креирање можности за работа за сите (УНДП). Особено е значајно да се одбележи и учеството на граѓанските организации во имплементацијата на Програмата „Гаранција за млади“, што се состои од три столба, од кои вториот столб “Теренски активности“ се имплементира од страна на Младински чадор организации. Нивната цел е да се изнајадат, анимираат младите НЕЕТ (млади лица до 29 години кои не се во процес на образование, обука и не се евидентирани во АВРМ), да се информираат за можностите и да се охрабрат да се пријават во Агенцијата за вработување, за да се вклучат во понатамошни активности на ГМ (давање на услуги, | | | Соработката со граѓанските организации и нивното активно учество во имплементацијата на програмата „Гаранцијата за млади“ ќе продолжи и во наредниот период, до 2026 година | |
| 20.2.Анализа за можностите за флексибилни работни ангажмани кога граѓанските организации вработуваат лица од ранливи категории – корисници на социјална помош како дел од нивното социо-економско интегрирање | Подготвена анализа за можностите за флексибилни работни ангажмани кога граѓанските организации вработуваат лица од ранливи категории-корисници на социјална помош како дел од | Министерство за труд и социјална политика, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското | 1 квартал 2023 | | | | | |
| 20.3. Само-организирање на страните на социјалниот дијалог во граѓанското општество односно здружување на граѓанските организации како работодавачи и синдикално здружување на вработените во граѓанските организации | Вработените во граѓанскиот сектор ја препознаваат потребата од синдикално здружување и активно работат на тоа | Министерство за труд и социјална политика, социјални партнери, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество | 1 квартал 2023 | | | | | |
| 20.4. Анализа на компаративни искуства за учество на граѓанските организации во работата на Економско социјалниот совет | Подготвена компаративна анализа; Граѓанските организации активно учествуваат во работата на Економско-социјалниот совет преку свои легитимно избрани претставници | Министерство за труд и социјална политика, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество | 1 квартал 2023 | Ваква конкретна компаративна анализа во рамките на Министерството за труд и социјална политика не е спроведена. За оваа тема постои отворена дебата и дискусии, иако очигледно е дека за евентуалното вклучување на граѓански организации во работата на Економско-социјалниот совет постојат повеќе предизвици. | | Ризиците за евентуалното учество на граѓанските организации во работата на ЕСС се од типот на:<br>- појава на отпор и несогласу | продолжување на дебати и дискусии на овие теми | |
| **Стратешка цел 10. Промовирање и развој на волонтерството** | **Показател на влијание:** Зголемување на нивото на волонтирање во граѓанските организации | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Оперативна цел 21. Подобрување на правната рамка за промовирање и развој на волонтерството** | **Показател на успешност:** Усвоени измени на Законот за волонтерството кои поттикнуваат граѓански ангажман и волонтерство | | | | | | | |
| 21.1. Измена на Законот за волонтерство со цел зголемувањае на граѓанскиот ангажман и волонтерство | Спроведени се сеопфатни јавни консултации при изработка на Законот за волонтерство (четири консултативни средби од кои една на национално и три на локално ниво со опфаќање на повеќе од 70 претставници на граѓански организации); Усвоени се измени на Законот за волонтерство | Министерство за труд и социјална политика | 1 квартал 2022 | По спроведен консултативен процес со надлежните институции и граѓанските организации во 2021, на 1.3.2022 Министерството за труд и социјална политика го достави Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за волонтерството во владина постапка. Сепак, по интензивни усогласувања со надлежни институции (Министертво за финансии, Секретаријат за законодавство) увидена е потреба од дополнителни посеопфатни консултации и усогласување околу конечните формулации на одредени одредби од предложениот Закон. Од тие причини, на барање на МТСП Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за волонтерство е повлечен од владина процедура и е вратен на доработка и усогласување на 7.12.2022 | | Утврдени одредени преклопувања на надлежности и регулирани материи во овој закон и во | Продолжување на усогласувањето и консултациите помеѓу надлежни институции и во однос на текстот на законот. | |
| **Оперативна цел 22. Поттикнување на волонтерски активности и финансиска поддршка за граѓанските организации кои го промовираат волонтерството** | **Показател на успешност:** Број на граѓани кои се активни во заедницата и работат како волонтери во граѓански организации | | | 2022: 181 граѓанска организацика од вкупно 296 кои го одговориле Прашалникот* има ангажирано волонтери (99 ГО ангажирале до 5 волонтери; 31 ГО ангажирале од 6 до 10 волонтери; 25 ГО ангажирале од 11 до 20 волонтери; 26 ГО ангажирале повеќе од 20 волонтери). | | | | |
| 22.1.Организирање на промотивни активности за зголемување на волонтерството кај граѓаните | Број на спроведени активности годишно за промоција на волонтерството | Министерство за труд и социјална политика во соработка со Национален совет за промовирање и развој на волонтерството, Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации | 4 квартал 2022/ континуирано | Имплементацијата на активностите за промоција на волонтерството, односно за формирање на Националниот совет за промовирање и развој на волонтерстовото ќе следи по донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за волонтерството, по што треба да се формира и Националниот совет за развој на волонтерството кој треба да ги координира активностите во делот на промовирање и јакнење на капацитетите за волонтерство, како и воопшто, на активностите предвидени со Акцискиот план на Стратегијата за промовирање и развој на волонтерството 2021-2025 | | Имплементацијата на активностите за промоција на волонтерството, односно за формирање на Националниот совет за промовирање и развој на волонтер | | |
| 22.2.Градење на капацитетите на граѓанските организации за спроведување на програми и проекти за волонтерство | Број на спроведени проекти за поттикнување на волонтерството финансирани од национални или локални извори, Евроспка Унија и други донатори | | 4 квартал 2022/ континуирано | Имплементацијата на активностите за промоција на волонтерството, односно за формирање на Националниот совет за промовирање и развој на волонтерстовото ќе следи по донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за волонтерството, по што треба да се формира и Националниот совет за развој на волонтерството кој треба да ги координира активностите во делот на промовирање и јакнење на капацитетите за волонтерство, како и воопшто, на активностите предвидени со Акцискиот план на Стратегијата за промовирање и развој на волонтерството 2021-2025 | | Имплементацијата на активностите за промоција на волонтерството, односно за формирање на Националниот совет за промовирање и развој на волонтер | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 11. Поттикнување на граѓаните и деловниот сектор за поддршка и придонес за развој на граѓанското општество** | **Показател на влијание:** Зголемен број на дадени донации за поддршка на граѓански организации | | | 2022: Според одговорите на Прашалникот* 108 (36,5%) од граѓанските организации имаат добиено донација од граѓани или од деловниот сектор (81 ГО добиле донација во вид на парични средства, а 27 ГО добиле донација во вид на материјални добра). | | | | |
| **Оперативна цел 23. Унапредување на правната рамка за донации и спонзорства во јавните дејности за олеснување на донирањето кон граѓанските организации** | **Показател на успешност:** Измените на Законот за донации и спонзорстава во јавните дејности поттикнуваат филантропија | | | | | | | |
| 23.1.Подготовка на измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности со учество на претставници на граѓански организации во работната група | Подготвен е предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности со учество на претставници на граѓанските организации во работната група | Министерство за правда, Министерство за финансии | 1 квартал 2022 | На 16.03.2022 г. со решение на Министерот за правда, формирана е Работна група за изработка на Закон за изменување и дополнување на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, составена од претставници на Министерството за правда, Министерството за образование и наука, Министерството за економија, Генералниот секретаријат на Владата, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура, Министерството за финансии, Управата за јавни приходи, Министерството за локална самоуправа, Министерството за животна средина и просторно планирање и претставници на граѓанските организации (Здружение за поддршка на развојот на граѓанското општество и локалните заедници ХОРУС Скопје, Фондација Отворено општество Македонија Скопје, Македонско здружение на млади правници Скопје, Банка за Храна МК, Американска стопанска комора и Здружение Конект Скопје. Првиот состанок на Работната група се одржа во април 2022 г. На вториот и третиот состанок на Работната група, одржани на 14.4.2022 и 27.5.2022 година беа разгледани доставените коментари од страна на граѓанските организации.На 20.07.2022 година Министерството за правда организираше состанок со претставници на Здружението Конект, Министерството за финансии и УЈП, за скратување на постапката за донации само со потврда за донации. Предлогот не беше прифатен од УЈП, со што останува надлежноста на Министерството за правда да носи решение за потврда на јавниот интерес. | | | | |
| 23.2. Јавни консултации и дебати со граѓанските организации, институции и други засегнати страни за измените на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности | Спроведени се сеопфатни јавни консултации при изработката на измените на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности | | 2 квартал 2022 | Министерството за правда на 11.04.2022 г. на ЕНЕР објави Известување за почеток на процесот на подготовка на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, а на веб страниците www.pravda.gov.mk и www.nvosorabotka.gov.mk објавен е Повик до заинтересираните страни за придонес во подготвувањето на измените на Законот. Рокот за доставување на предлози беше до 10.5.2022 г. Консултациите ќе продолжат по подготовка на текстот на предлог-законот. | | | | |
| 23.3. Доставување на измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (владина процедура) | Предлог-закон за измена и дополнување на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности е доставен во владина процедура | | 2 квартал 2022 | Работната група за измени и дополнување на ЗДСЈД одржа 3 состаноци, при што беа разгледани доставени предлози од страна на граѓанските организации, како и досегашните искуства и проблеми во спроведувањето на законот. Се чекаат коментари и предлози од Стопанска комора на РСМ и Американска стопанска комора. | | | | |
| 23.4.Подготовка на измени на подзаконските акти согласно усвоените измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности | Подготвени и донесени правилници за спроведување на законот | | 3 квартал 2022 | | | | | |
| 23.5. Градење на капацитетите на институциите, граѓанските организации, компаниите и граѓаните за доследна примена на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности | Подготвени коментари на законот;<br>Спроведени најмалку четири информативни настани/обуки со корисниците на законот (граѓански организации, институции, компании итн.) | Министерство за правда, Министерство за финансии | 4 квартал 2022 | | | | | |
| **Оперативна цел 24. Поттикнување на соработката на граѓанските организации со бизнис секторот и промовирање на филантропијата** | **Показател на успешност:** Број на спроведени активности за промоција на донирањето кон граѓанските организации | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 24.1.Градење на капацитетите на граѓанските организации за соработка со бизнис секторот и прибирање на донации од домашни извори | | Совет за соработка меѓу Владата и граѓаското општество | 4 квартал 2023 | | | | | |
| 24.2.Промовирање на донирањето кон граѓанските организации | | | 4 квартал 2023 | | | | | |
| **Стратешка цел 12. Зголемување на учеството на граѓанските организации за обезбедување услуги за потребите на заедницата** | **Показател на влијание:** Процент на граѓански организации кои се заинтересирани и обезбедуваат услуги за потребите на заедницата на локално ниво | | | 2022: Од 296 граѓански организации кои го одговориле Прашалникот* 97,3% се заинтересирани и обезбедуваат услуги за потребите на заедницата на локално ниво. | | | | |
| **Оперативна цел 25. Развој на граѓанското општество на локално ниво и јакнење на соработката со граѓанските организации на локално ниво** | **Показател на успешност**: 50% од општините се со јасно дефинирана методологија за јавна, транспарентна и отчетна распределба на средства од општинските буџети во корист на граѓанските организации | | | Од вкупно 80 општини и градот Скопје, 11 општини (Куманово, Гостивар, Струмица, Кавадарци, Ресен, Битола, Гевгелија, Охрид, Кочани, Крива Паланка и Велес) или 13,6% општини имаат усвоено методологија за јавна, транспарентна и отчетна распределба на средства од општинските буџети во корист на граѓанските организации | | | | |
| 25.1. Зајакнати капацитети на локалната администрација и на граѓанските организации за институционална и транспарентна соработка преку реализација на заеднички проекти | Број на организирани обуки за граѓански организации и за општини и број на општини со целосно усвоена постапка за транспарентно финансирање на проекти за граѓанските организации; Број на граѓански организации корисници на средства согласно усвоените процедури; Број на јавни и транспарентни повици објавени од страна на општините | Министерство за локална самоуправа, Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации | 4 квартал 2024 | | | | | |
| 25.2. Усвоена процедура и документација за транспарентно спроведување на постапка и финансирање на проекти од страна на единиците на локална самоуправа, во реализација на граѓанските организации | | | 4 квартал 2024 | Организирани се 5 обуки за 429 граѓански организации со 582 учесници и 2 обуки за 13 општини со 55 учесници. Во рамките на Програмата за зајакнување на локалната демократија фаза 1 и 2, единаесет општини имаат усвоено методологија за јавна, транспарентна и отчетна распределба на средства од општинските буџети во корист на граѓанските организации: Куманово, Гостивар, Струмица, Кавадарци, Ресен, Битола, Гевгелија, Охрид, Кочани, Крива Паланка и Велес. Куманово и Гостивар се општини кои што учествуваат и во првата и во втората фаза од Програмата. 75 граѓански организации се корисници на средства, согласно утврдената методологија и се реализирани 68 проекти. Објавени се 5 јавни повици за проекти. | | | | |
| **Оперативна цел 26. Подобрување на условите, вклучително и капацитетите на граѓанските организации за обезбедување услуги на национално и локално ниво, со еквивалентен квалитет како и останатите даватели на услуги** | **Показател на успешност:** Воспоставен е функционален и долгорочен механизам за обезбедување услуги од страна на граѓанските организации на национално и локално ниво | | | | | | | |
| 26.1. Анализа на можностите за обезбедување на услуги финансирани од државата во области на образованието, здравството, културата, младите, руралниот развој и друго од страна на граѓанските организации | Одржани се јавни дебати за можностите за обезбедување услуги финансирани од државата во области на образование, здравство, култура, млади и друго, од страна на граѓанските организации; Дадени се заклучоци и препораки за регулирање на условите и начинот на обезбедување на услуги финансирани од државата во области на образование, здравство, култура, млади, рурален | Министерство за образование и наука, Министерство за здравство, Министерство за култура, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенција за млади и спорт | 4 квартал 2023 | Од страна на Коалиција на младински организации СЕГА и Сојузот за младинска работа на РСМ, како организации кој имаат обезбедено лиценци од Центарот за образование на возрасни за лиценцирани/сетрифицирани обуки за младински работници (стандард - работник со млади ) одржани се две обуки (СМР), а 30 учесници се здобиле со сертификат за работник со млади. Првата обука беше финансирана од страна на Агенција за млади и спорт. Во текот на декември 2022 година на повикот за поддршка на младински организации за реализација на проекти за млади доделени се финансиски средства во висина од 280 000,00 денари за одржување на обука за уште 15 младински работници/ работник со млади. | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 26.2. Развивање на мрежа на социјални услуги во локалната заедница и вклученост на граѓанските организации како даватели на социјални услуги | Број на одржани средби со граѓански организации за објаснување на новините во Законот за социјална заштита; Број на објавени јавни конкурси за обезбедување социјални услуги од страна на граѓанските организации кои се даватели на услуги. Број на склучени договори со граѓански организации | Министерство за труд и социјална политика | 2022, континуирано | Во декември 2021 г. објавен е јавен конкурс за доделување средства на здруженија и приватни даватели на социјални услуги, за давање на социјални услуги. Во 2022 г. склучени се вкупно 7 управни договори за следните услуги:<br>- лична асистенција (склучени 3 управни договори со здруженија),<br>- вон-семејна заштита - живеење со поддршка,<br>- сместување во установа за третман и рехабилитација на лица кои имаат проблем со зависности,<br>- стручна помош и поддрша обезбедена преку Центар за поддршка на згрижувачки семејства,<br>- живеење со 24 часовна поддршка за дете без родители или без родителска грижа.<br>Социјални услуги се даваат во износ утврден согласно Методологијата за формирање на цените на услугите во зависност од нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга („Службен весник на РСМ" бр.264/19) и Одлуката за утврдување на цените на социјалните услуги во домот, за вон-семејна заштита, за стручна помош и поддршка и за привремен престој за 2022 година, објавена на веб страната на МТСП (https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/odluka_ceni_privremen_prestoj_2022.pf)<br>Во јуни 2022 објавен е втор јавен конкурс за доделување средства за здруженија и приватни даватели на социјални услуги и тоа: услуга за привремен престој и дневна услуга (склучени 2 управни договори). | за 2022 | | | |
| 26.3. Воспоставување на функционален и долгорочен механизам за финасирање на активностите од Програмата за заштита на населението од ХИВ кои ги спроведуваат граѓанските организации | Усвоени се измени и дополнувања на Законот за здравствена заштита со кои се утврдува начинот на финансирање на активностите за ХИВ од програмата за заштита на населениeто од ХИВ што ги спроведуваат граѓанските организации и со кои се овозможува пристап до услуги за сексуално и репродуктивно здравје и намалување на штети од употреба на droги за адолесценти на возраст помеѓу 16 и 18 години; Развиени и усвоени стандарди | Министерство за здравство | 2 квартал 2022 | Сеуште не се донесени измени и дополнувања на Законот за здравствена заштита | | | | |

**Вредноста на показателите од Стратешка цел 2, 11 и 12 и од Оперативна цел 3, 5, 6, 13, 20 и 22 е утврдена врз основа на online анкета (10-31.1.2023 година) преку одговори на Прашалник за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество (2022-2024). Прашалникот е дистрибуиран до сите граѓански организации со статус „активен" (8.111) според отворените податоци на Централинот регистар на РСМ, а одговори се доставени од вкупно 296 граѓански организации од 16 различни области на дејствување.*

***Вредноста на показателот од Оперативна цел 4 е утврден врз основа на online анкета (23-31.1.2023 година) преку одговори на Прашалник за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество за членовите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество. На Прашалникот одговорија вкупно 9 членови на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество.*